ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**ВОНРЕДЕН БРОЈ 1 ГОДИНА 32 ДАТА 23.01.2014 ГОДИНА**

## *СОДРЖИНА*

*- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОФС*

*- ОДЛУКИ ОД ОРГАНИТЕ НА ФФМ*



## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ПРИЛЕП

**Седница од 08.01.2014 година**

*** Промена на име на фудбалски клуб:**

Согласно Решението на Централниот регистер на Република Македонија ЕМБС 6344844, деловоден број 30120130045486 од 27.12.2013 година фудбалскиот клуб "Корзо" од Прилеп го менува името во Фудбалски клуб "Шкупи 1927" од Прилеп со седиште на улица "Сотка Ѓорѓиоски" број 91 Прилеп и сите фудбалери кои се регистрирани за ФК "Корзо" од Прилеп ќе имаат право на настап за ФК "Шкупи 1927" од Прилеп тогаш кога тоа го стекнале за ФК "Корзо" Прилеп.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

**Седница од 09.01.2014 година**

*** Промена на име на фудбалски клуб:**

Согласно Решението на Центрланиот регистер на Република Македонија ЕМБС 6705553, деловоден број 30630130005425 од 23.12.2013 година, Фудбалскиот клуб "Миравци" од с. Миравци го менува името во Фудбалски клуб "Кожуф Гевгелија" од с. Миравци, со седиште во с. Миравци Општина Гевгелија и сите фудбалери кои се регистрирани за ФК "Миравци" од Миравци ќе имаат право на настап за ФК "Кожуф Гевгелија" од с. Миравци, тогаш кога го стекнале за ФК "Миравци" од с. Миравци.

Комитет за итност

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ, Комитетот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Мухамет Сејдини -потпретседател и Светозар Станковски - член, на седницата одржана на 21.01.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се констатира дека промената на називот на Здружение фудбалски клуб КОРЗО Прилеп со седиште на ул. Сотка Ѓорѓиоски бр. 91 Прилеп со ЕМБС 6344844 и ЕДБ 4021008502805 во Здружение фудбалски клуб ШКУПИ - 1927 Прилеп со седиште на ул. Сотка Ѓорѓиоски бр. 91 Прилеп со ЕМБС 6344844 и ЕДБ 4021008502805 е направена во постапка предвидена со закон, согласно актите на ФФМ.
2. Оваа одлука да се припои кон списите на предметот кој се води во Одделот за лиценцирање за натпреварувачката 2013/14 како и во предметот кој се води пред Комисијата за лиценцирање за натпреварувачката 2014/15 година.
3. Одлуката да се достави до Комисијата за натпревари на ФФМ за прибележување на направената промена во Распоредот на натпревари на пролетниот дел од натпреварувачката 2013/14 година на начин што покрај променетиот назив во заграда ќе стои и називот на клубот кој е променет а последователно и во сите останати списи кои произлегуваат од работата на Комисијата и натпреварувањето се до завршување на натпреварувачката 2013/2014 година.
4. Одлуката да се достави до надлежното тело за верификација и Редакцискиот одбор на ФФМ на понатамошно постапување.
5. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето и истата да се даде на потврдување на Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија.
6. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ-Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комитетот за итност на својата седница одржана на ден 21.01.2014 година го разгледа известувањето од одделот за лиценцирање и списите во прилог и тоа:

- Известување од 10.12.2013 година.
- Известување за извршена промена бр.с.л.у од 08.01.2014 година;
- Решение и тековна состојба од ЦРМ од 26.12.2013 година;
- Статут на ФК Шкупи 1927 - Прилеп

Комитетот за итност од доставените списи констатира дека од страна на одделението за лиценцирање и правната служба побарана е дополнителна документација од клубот која е доставена на ден 18.01.2014 година:

- Одлука за промена од 07.12.2013 година
- Записник од Вонредно Собрание од 07.12.2013 година.

Од страна на членовите на Комитетот за итност дополнително беше побарано мислење од правниот оддел на ФФМ, во врска со доставеното известување.

По увид во документацијата на клубот доставена по повод постапката за лиценцирање, лиценцниот менаџер утврдил дека по спроведена постапка за лиценцирање на ФК Корзо со седиште на ул. Сотка Ѓорѓиоски бр. 91 Прилеп со ЕМБС 6344844 и ЕДБ 4021008502805 со жиро сметка бр. 300020000431297 при Комерцијална Банка АД Скопје, издадено му е Решение од 09.08.2013 година бр.03-1156 од страна на Комисијата за лиценцирање.

Врз основа на приложената документација и мислењето од правната служба , Комитетот за итност ја утврди следната фактичка состојба.

На ден 10.12.2013 година клубот до Комисијата за лиценцирање доставил известување дека на седница на Вонредно Собрание одржана на ден 07.12.2013 година донел одлука за промена на називот од Здружение фудбалски клуб КОРЗО Прилеп во Здружение фудбалски клуб ШКУПИ -1927 Прилеп.Врз основа на Одлуката за промена на назив извршен е упис на промена на називот во Централниот регистар на РМ.

Комитетот за итност на вака утврдената фактичка состојба побара мислење од правниот оддел на ФФМ, по што констатира дека клубот постапил согласно член 46 од Законот за здруженија и фондации и донесената одлука на Собрание на клубот ја поднел до Централниот регистар на РМ, како и до ФФМ. Согласно член 30, 39 и 40 од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговски регистар и регистар на други правни лица Централниот регистар на РМ донел одлука за упис на промена на називот на клубот.

Комитетот за итност истотака констатира дека клубот ја запазил постапката и роковите за промена назив, утврдени во член 3 став 4 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери. Одлуката за промена на назив на здружението е донесена на ден 07.12.2013 година, а е упишана во Централниот регистар на ден 27.12.2013 година. Со оглед на фактот дека пролетниот дел од првенството во Втора МФЛ започнува на ден 01.03.2014 година, Комитетот за итност утврди дека клубот го запазил рокот за извршување на промена на име, и постапил согласно одредбите од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери.

Комитетот за итност констатира дека за направените промени, клубот навремено доставил известување до Комисијата за лиценцирање.

Комитетот за итност при одлучувањето ја имаше во предвид и одредбата од член 16 став 2 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во Прва и Втора МФЛ, и констатира дека истата не е од значење во конкретниот случај од причина што станува збор за ист правен субјект со ист даночен и матичен број, како и дека оваа одредба се однесува на непреносливост на лиценцата за наредната натпреварувачка сезона.

Од тие причини Комитетот за итност донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 0203-98/1-2
Скопје, 21.01.2014 година

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Комитет за итност

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ, Комитетот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Мухамет Сејдини -потпретседател и Светозар Станковски - член, на седницата одржана на 21.01.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се констатира дека промената на називот на ФК Миравци с.Миравци-Гевгелија со седиште во Миравци бб Гевгелија со ЕМБС 6705553 и ЕДБ 4006011507258 во ФК Кожув Гевгелија с.Миравци Гевгелија со седиште во Миравци бб Гевгелија со ЕМБС 6705553 и ЕДБ 4006011507258 е направена во постапка предвидена со закон, согласно актите на ФФМ.
2. Оваа одлука да се припои кон списите на предметот кој се води во Одделот за лиценцирање за натпреварувачката 2013/14 како и во предметот кој се води пред Комисијата за лиценцирање за натпреварувачката 2014/15 година.
3. Одлуката да се достави до Комисијата за натпревари на ФФМ за прибележување на направената промена во Распоредот на натпревари на пролетниот дел од натпреварувачката 2013/14 година на начин што покрај променетиот назив во заграда ќе стои и називот на клубот кој е променет а последователно и во сите останати списи кои произлегуваат од работата на Комисијата и натпреварувањето се до завршување на натпреварувачката 2013/2014 година.
4. Одлуката да се достави до надлежното тело за верификација и Редакцискиот одбор на ФФМ на понатамошно постапување.
5. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето и истата да се даде на потврдување на Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија.
6. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ-Макфудбал.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комитетот за итност на својата седница одржана на ден 21.01.2014 година го разгледа известувањето од одделот за лиценцирање и списите во прилог и тоа:

- Известување со број 132-12 од 16.12.2013;
- Договор за меѓусебно регулирање на права и обврски во врска со користењето на Градскиот стадион фудбалско игралиште во Гевгелија бр.03-1587/1 од 30.08.2013 година;
- Одлука за давање на користање и одржување на Градскиот стадион – фудбалско игралиште во Гевгелија на ФК Миравци – Миравци.

На ден 30.12.2013 година до Одделението за лиценцирање по емаил е доставена следната документација:

- Известување за извршена промена бр.136-12 од 30.12.2013 година;

- Решение и тековна состојба од ЦРМ од 23.12.2013 година.

Комитетот за итност од доставените списи констатира дека од страна на одделението за лиценцирање и правната служба побарана е дополнителна документација од клубот која е доставена на ден 18.01.2014 година:

- Одлука за промена на името Здружение на гражани ФК Миравци – с.Миравци Гевгелија донесена на Собрание на ФК Миравци од 20.12.2013 година;
- Записник од Собранието на ФК Миравци од 20.12.2013 година.

Од страна на членовите на Комитетот за итност дополнително беше побарано дополнително толкување и објаснување од правниот оддел на ФФМ, во врска со доставеното известување.

По увид во документацијата на ФК Миравци доставена по повод постапката за лиценцирање, лиценцниот менаџер утврдил дека по спроведена постапка за лиценцирање на ФК Миравци од с. Миравци со седиште во Миравци бб Гевгелија со ЕМБС 6705553 и ЕДБ 4006011507258, со жиро сметка бр. 200002334071222 при Стопанска Банка АД Скопје, издадено му е Решение од 09.08.2013 година бр.03-1159 од страна на Комисијата за лиценцирање, кое го доставува во прилог на известувањето.

Врз основа на приложената документација и мислењето од правната служба , Комитетот за итност ја утврди следната фактичка состојба.

На ден 16.12.2013 година ФК Миравци од с. Миравци до Комисијата за лиценцирање доставил известување дека клубот има намера да направи измена на називот на клубот. На седница на Собранието на ФК Миравци одржана на ден 20.12.2013 година донесена е одлука за промена на називот од Здружение на граѓани ФК Миравци – с. Миравци Гевгелија во Фудбалски клуб КОЖУВ Гевгелија –с. Миравци, Гевгелија. Врз основа на Одлуката за промена на назив извршен е упис на промена на називот во Централниот регистар на РМ.

Комитетот за итност на вака утврдената фактичка состојба побара мислење од правниот оддел на ФФМ, по што констатира дека клубот постапил согласно член 46 од Законот за здруженија и фондации и донесената одлука на Собрание на клубот ја поднел до Централниот регистар на РМ, како и до ФФМ. Согласно член 30, 39 и 40 од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговски регистар и регистар на други правни лица Централниот регистар на РМ донел одлука за упис на промена на називот на клубот.

Комитетот за итност истотака констатира дека клубот ја запазил постапката и роковите за промена назив, утврдени во член 3 став 4 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери. Одлуката за промена на назив на здружението е донесена на ден 20.12.2013 година, а е упишана во Централниот регистар на ден 23.12.2013 година. Со оглед на фактот дека пролетниот дел од првенството во Втора МФЛ започнува на ден 01.03.2014 година, Комитетот за итност утврди дека клубот го запазил рокот за извршување на промена на име, и постапил согласно одредбите од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери.

Комитетот за итност констатира дека за направените промени, клубот навремено доставил известување до Комисијата за лиценцирање.

Комитето за итност при одлучувањето ја имаше во предвид и одредбата од член 16 став 2 од Правилникот за лиценцирање на клубови за учество во

Прва и Втора МФЛ, и констатира дека истата не е од значење во конкретниот случај од причина што станува збор за ист правен субјект со ист даночен и матичен број, како и дека оваа одредба се однесува на непреносливост на лиценцата за наредната натпреварувачка сезона.

Од тие причини Комитетот за итност донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 0203-98/1-1
Скопје, 21.01.2014 година

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

КОМИСИЈА ЗА СТАТУС НА ФУДБАЛЕРИ
10.01.2014 ГОДИНА

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 2701-92/1
17.01.2014 год.
Скопје

Комисијата за статус на фудбалери на Фудбалската федерација на Македонија во состав: Расим Муминовиќ-претседавач, Пилешков Јованче-член, Димитар Трајчевски – член, постапувајќи по Барањето за наплата на надокнада по механизмот за солидарност на **ФИФА** поднесено од ФК Скопје за фудбалерот Никола Јакимовски врз основа на член 38 од Статутот на ФФМ а во врска со одредбите на Правилникот за внатрешна организација на ФФМ на седницата одржана на ден 10.01.2014 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Се усвојува барањето поднесено од страна на ФК Скопје од Скопје бр. сл/13 , пр.бр. 03-1847 од 18.11.2013 година во врска со регулирање на надокнада на наплатени средства согласно механизмот за солидарност.
2. Да се изврши евидентирање во фудбалскиот пасош на фудбалерот Никола Јакимовски на периодот од 31.07.2008 до 15.01.2009 како период во кој фудбалерот бил отстапен во ФК Скопје од Скопје.
3. Се задолжува ФК Македонија ЃП од Скопје да изврши уплата на дел од примени средства по основ надокнада согласно механизмот за солидарност на ФИФА во висина од 2302(двеилјадитристаидве) евра во денарска противвредност на денот на уплатата во корист на ФК Скопје, на жиро сметка во Стопанска банка АД број 200000002877691 во рок од 15(петнаесет)дена од денот на приемот на оваа одлука .
4. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето и истата да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ - Макфудбал.
5. Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три) дена од прием на одлуката со уплата на такса во висина од 3000,00 денари на жиро сметка на ФФМ бр. 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Фудбалскиот клуб Скопје од Скопје поднесе барање до Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ за исплата на надокнада согласно механизмот за солидарност на ФИФА од страна на ФК Македонија ЃП АД од Скопје , право кое не можеле да го остварат поради пропуст при изготвување на пасошот на фудбалерот Никола Јакимовски.

Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ на седницата одржана на 27.12.2013 година по разгледување на поднесеното Барање и материјалните докази во прилог на истото, заклучи дека е потребно да изведе и дополнителни докази па со таа цел ги повика за да ги сослуша претставниците на двата клуба. На поканата се одзва ФК Скопје преку ополномоштеното лице Никола Ѓошевски кој остана во целост во својата изјава како во поднесеното барање. Претставникот на ФК Македонија ЃП и покрај уредната достава на поканата за присуство на седницата на комисијата, на истата не се одзва ниту го најави своето отсуство.

Комисијата по изведување на поднесените докази ја утврди следната фактичка состојба:

Фудбалерот Никола Јакимовски во периодот од 31.07.2008 до 15.01.2009 од страна на ФК Македонија ЃП бил отстапен на ФК Скопје од Скопје. Отстапувањето е објавено во Макфудбал вонр.бр.14 од 01.08.2008 година. По завршување на периодот на отстапување фудбалерот се вратил да настапува за ФК Македонија ЃП. Од пасошот на фудбалерот видливо е дека оваа привремена регистрација не е евидентирана во истиот.

При понатамошните трансфери на фудбалерот од ФК Јавор Ивањица – Република Србија во ФК Нагоја –Јапонија, согласно ФИФА Правилникот за статус и трансфер на фудбалери и исполнување на обврските за исплата согласно механизмот за солидарност ФК Нагоја –Јапонија при исплата и го исплатил на ФК Македонија ЃП и износот кој согласно овој механизам за солидарност за предметната сезона во која фудбалерот имал осумнаесет години му следувал на ФК Скопје од Скопје.

Комисијата при носење на одлуката го имаше во предвид фактот дека ФК Македонија ЃП не приговори, не достави доказ ниту преку овластен претставник не го демантираше тврдењето дека побаруваниот износ е примен од ФК Нагоја. По извршениот увид во пресметката, комисијата констатира дека износот од 2302 евра во денарска противвредност е износот кој ФК Македонија ЃП заедно со другите средства го примила на име исплата за надокнада по принципот на механизмот за солидарност за предметната сезона односно периодот на тренирање од 31.07.2009 до 15.01.2009 година во кој фудбалерот имал 18 години и настапувал и тренирал за ФК Скопје со договор за отстапување.

Согласно погоренаведеното Комисијата за статус на фудбалери на ФФМ се произнесе носејќи одлука како во диспозитивот.

Комисија за статус на фудбалери
на ФФМ
Претседавач,
Расим Муминовиќ

доставено до:

- ФК Скопје - Скопје
- ФК Македонија ЃП АД – Скопје
- макфудбал
- архива на ФФМ

Комитет за итност

Врз основа на член 58 од Статутот на ФФМ, Комитетот за итност на ФФМ во состав: Илчо Ѓорѓиоски - претседател, Мухамет Сејдини -потпретседател и – Димитар Џонов член, на седницата одржана на 16.01.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се усвојуваат измените на формуларот – Записник од натпревари за натпреварувањето во мал фудбал (футсал).

2. Одлуката има правно дејство веднаш, а ќе се потврди на првата наредна седница на Управниот одбор.

3. Одлуката и Записникот од точка 1 на оваа одлука да се објави во службеното гласило на ФФМ – Макфудбал.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Комитетот за итност на состанокот одржан на ден 16.01.2014 година, на барање на Комисијата за мал фудбал ги утврди измените на формуларот – Записник од натпревари за натпреварувањето во мал фудбал (футсал).

Број 02-85/1-1

Скопје, 16.01.2014 година

Претседател,

Илчо Ѓорѓиоски

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Натпреварувачка : **2013/2014**
Лига во мал фудбал :
Коло :
Вид на натпреварот :

# ЗАПИСНИК

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Домаќин | КМФ | | | Место | |
| Гостин | КМФ | | | Место | |
| Датум | | Време | | Место и сала | |
| Време на пристигнување на екипите: | | Домаќин: | | Гостин: | |

| Домашни | | | | | | Гости | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр | Име и презиме | Г О | М Л | ИД Број | И С | Бр | Име и презиме | Г О | М Л | ИД Број | И С |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Капитен (Бр.+ Потпис) | | Капитен ( Бр.+ Потпис) | |

| Домашни | Службени лица | Гости |
|---|---|---|
| | Шеф на стручен штаб | |
| | Помошен Тренер | |
| | Тренер на голмани | |
| | Лекар | |
| | Физиотерапевт | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Мерач на време | | Комесар за безбедност | |
| | | Претставник/потпис | |

| | Име и презиме | Место | Потпис |
|---|---|---|---|
| Судија 1 | | | |
| Судија 2 | | | |
| Судија 3 | | | |
| Делегат | | | |
| Контролор | | | |
| Записничар/Комет Администратор | | | |

Г
О = ознака за голман

М
Л = ознака за младинец

И
С = ознака за играч стартер

( се означува со: X)

**ЕКИПИ:** ДОМАЌИН: ______________________ ГОСТИН: ______________________ ДАТУМ: __________

| РЕЗУЛТАТ | КРАЕН | : | ПОЛУВРЕМЕ | : |
|---|---|---|---|---|

## СТРЕЛЦИ НА ГОЛОВИТЕ

| РЕЗУЛТАТ | | : | | : | | : | | : | | : | | : | | : | | : | | : | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИГРАЧ БРОЈ | МИНУТА | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | : | | : | | : | | : | | : | | : | | : | | : | | : | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | : | | : | | : | | : | | : | | : | | : | | : | | : | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

ЕКИПА (се внесува број на гол) Исход=X/0 **ПЕНАЛИ** X = постигнат гол / 0 = не постигнат гол

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | | | | | | | | | | | | ЗБИР 1 |
| Играч број/исход | | | | | | | | | | | | |
| **2.** | | | | | | | | | | | | ЗБИР 2 |
| Играч број/исход | | | | | | | | | | | | |

## ТАЈМ АУТ

**ДОМАЌИН**(се внесува минута)**ГОСТИН**

| | | |
|---|---|---|
| ПРВО ПОЛУВРЕМЕ | | |
| ВТОРО ПОЛУВРЕМЕ | | |

## АКУМУЛИРАНИ ПРЕКРШОЦИ

**ДОМАЌИН** (се внесува минута) **ГОСТИН**

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**ИГРАЧИ КОИ НЕ НАСТАПИЛЕ(ИД број):**

**ДИСЦИПЛИНСКИ МЕРКИ** (Опоменати и исклучени фудбалери и отстранети службени лица – да се даде опис, број, име и презиме, минута и вид на прекршокот)

СУДИЈА

______________________

**ИЗЈАВА НА ДЕЛЕГАТОТ**

ДЕЛЕГАТ

______________________

***СТРУЧНО ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ "МАКФУДБАЛ"***
*е стручно информативен лист на*
*ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА*
*излегува секој ПОНЕДЕЛНИК во неделата*

***Адреса: ФУДБАЛКСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*Ул. "8-ма Ударна Бригада" бр. 31-а*
*ПОШТЕНСКИ ФАХ 84*
*1000 СКОПЈЕ*
*со ознака "ЗА МАКФУДБАЛ"*

*ЖИРО СМЕТКА*
***ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА***
*200002504170131- Стопанска банка АД Скопје*
*300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје*
*Даночен број 4030992177382*

***РЕДАКЦИСКИ ОДБОР НА "МАКФУДБАЛ"***